replek

**ПРЕДЛОГ 13**

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва и член 25 и 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за стекнување сопствени акции со откуп

Член 1

Се одобрува стекнување на најмногу 2.592 сопствени акции, по најниска цена по акција од 34.698,00 денари односно највисока цена по акција од 107.800,00 денари;

Член 2

Откупот на акциите ќе се изврши во времетраење од најмногу 12 (дванаесет) месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука;

Член 3

Вкупниот број на сопствени акции на Друштвото не смее да надмине повеќе од една десетина од основната главнина;

Член 4

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно;

Член 5

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат се до моментот на нивното оттуѓување;

Член 6

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да донесе одлука за назначување на лице овластено во име на друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје;

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

______________________